**Народна банка на Република Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 31 мај 2018 година

## Соопштение за печат

# Позначајни движења во платниот биланс[1] во првиот квартал од 2018 година

Во првиот квартал од 2018 година во тековните трансакции со нерезидентите е остварен дефицит од 157,9 милиони евра, што главно е последица на дефицитот во стоковната размена. Кај финансиските трансакции со нерезиденти, во првиот квартал од годината, се остварени позначајни нето-приливи од портфолио и директни инвестиции, при што девизните резерви се зголемија за 256,7 милиони евра.

**Основни компоненти на платниот биланс на Република Македонија**
(во милиони евра)

| | тековна година | претходна година | | квартална промена | | годишна промена | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Кв.1 2018 | Кв.1 2017 | Кв.4 2017 | милиони евра | % | милиони евра | % |
| **Тековна сметка** | **-157.9** | **-145.2** | **-69.6** | **-88.3** | ...* | **-12.7** | 8.7 |
| Стоки | **-474.4** | **-464.0** | **-505.4** | **31.0** | -6.1 | **-10.4** | 2.2 |
| Услуги | **96.8** | **99.9** | **63.4** | **33.4** | 52.7 | **-3.1** | -3.1 |
| Примарен доход | **-109.7** | **-104.7** | **-103.0** | **-6.7** | 6.5 | **-5.1** | 4.8 |
| Секундарен доход | **329.4** | **323.6** | **475.5** | **-146.0** | -30.7 | **5.9** | 1.8 |
| **Капитална сметка** | **0.3** | **1.4** | **2.9** | **-2.6** | | **-1.1** | |
| **Финансиска сметка** | **-169.7** | **-137.0** | **-74.5** | **-95.1** | | **-32.7** | |
| Директни инвестиции | **-233.3** | **-111.4** | **-178.1** | **-55.3** | | **-121.9** | |
| Портфолио инвестиции | **-368.7** | **-20.3** | **-8.0** | **-360.7** | | **-348.4** | |
| Валути и депозити | **80.3** | **34.5** | **36.5** | **43.9** | | **45.8** | |
| Заеми | **47.3** | **28.6** | **-14.7** | **62.0** | | **18.7** | |
| Трговски кредити | **48.1** | **-1.9** | **7.4** | **40.6** | | **50.0** | |
| Девизни резерви | **256.7** | **-66.5** | **82.4** | **174.3** | | **323.2** | |

* процентуалната промена е над 100.
Напомена: Во финансиската сметка знакот (-) означува нето-приливи од странство. Кај девизните резерви знакот (+) означува зголемување, додека знакот (-) означува намалување на девизните средства. Во податоците за девизните резерви се исклучени ценовните промени и курсните разлики.
Извор: НБРМ.

## *Тековна сметка*

Од аспект на движењата остварени кај одделните компоненти на тековната сметка, во првиот квартал од 2018 година, дефицитите остварени во стоковната размена (474,4 милиони евра) и кај примарниот доход (109,7 милиони евра) ги надминаа приливите

[1] Платниот биланс претставува статистички извештај којшто систематски ги сумира сите економски трансакции на Република Македонија со странство за определен временски период, односно ги сумира тековните, капиталните и финансиските трансакции помеѓу резидентите и нерезидентите.

остварени кај секундарниот доход и размената на услуги (329,4 и 96,8 милиони евра, соодветно).

На квартална основа, остварениот дефицит во првиот квартал е повисок за 88,3 милиони евра пред се заради помалиот суфицит кај секундарниот доход (за 146 милиони евра), делумно неутрализиран со подобрите остварувања кај размената со услуги и стоки (за 33,4 и 31 милион евра, соодветно).

Во споредба со првиот квартал од минатата година, дефицитот во тековната сметка е зголемен за 12,7 милиони евра, што во најголем дел се објаснува со повисокиот дефицит во стоковната размена (за 10,4 милиони евра) и кај примарниот доход (за 5,1 милион евра), како и намалениот суфицит кај размената на услуги (за 3,1 милион евра). Од друга страна, подобро остварување се забележува кај секундарниот доход (зголемен суфицит за 5,9 милиони евра).







Извор: НБРМ.

## ***Финансиска сметка***

Кај финансиските трансакции со нерезиденти, во првиот квартал од 2018 година се остварени нето-приливи од 169,7 милиона евра. Анализирано по категории, нето-приливи се евидентирани кај портфолио инвестиции (368,7 милиони евра) и директни инвестиции (233,3 милиони евра), додека нето-одливи кај валути и депозити (80,3 милиони евра), трговски кредити (48,1 милион евра) и заеми (47,3 милиони евра), при раст на девизните резерви за 256,7 милиони евра.

На нето-основа, кај директните инвестиции, во првиот квартал од 2018 година бележиме значителен износ на нето-приливи од 233,3 милиони евра, при регистрирани нето-приливи

кај сите под-компоненти на директните инвестиции и тоа: меѓукомпаниски долг (130 милиони евра), реинвестирање на добивката (90,7 милиона евра) и сопственички капитал (12,5 милиони евра).

Кај обврските врз основа на директни инвестиции[2], во првиот квартал од 2018 година, бележиме зголемување од 299,7 милиона евра, како резултат на нето-растот на обврските врз основа на меѓукомпанискиот долг (192,4 милиони евра), реинвестирање на добивката (94,3 милиони евра) и сопственички капитал (12,9 милиони евра).

Средствата врз основа на директни инвестиции се зголемени за 66,4 милиони евра, главно како резултат на зголемените побарувања врз основа на меѓукомпаниски долг.

Во првиот квартал од годината, нето-обврските врз основа на портфолио инвестиции се зголемени за 368,7 милиони евра, во најголем дел како резултат на приливите од новата емисија на еврообврзници, во еден дел нетирани со истовремениот откуп на еврообврзници од претходни емисии.

Во разгледуваниот квартал, нето-одливите врз основа на заеми од 47,3 милиони евра во најголем дел произлегуваат од нето-одливите кај секторот „држава" во износ од 103,5 милиони евра[3] и кај секторот „депозитни институции" (7,4 милиони евра), компензиран со нето-приливите кај останатите сектори[4] (62,7 милиони евра).

Во првиот квартал од годината, нето-приливите од портфолио инвестиции (368,7 милиони евра) и директни инвестиции (233,3 милиони евра) ги надминаа нето-одливите на средства по валути и депозити (80,3 милиони евра), трговски кредити (48,1 милион евра) и заеми (47,3 милиони евра), што овозможи финансирање на дефицитот на тековната сметка и зголемување на девизните резерви за 256,7 милиони евра.

---

[2] Се прикажуваат директни инвестиции во зависност од тоа дали финансиските трансакции создаваат обврска кон или побарување (средства) од странство.

[3] Во јануари беше извршена редовната отплата од страна на државата на дел од кредитот кон „Дојче банк".

[4] Останатите сектори опфаќаат: останати финансиски институции, нефинансиски претпријатија, домаќинства и непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата.







Извор: НБРМ.

## ***Придружни информации***

Временски серии податоци: годишни, квартални и месечни податоци за платниот биланс
http://www.nbrm.mk/platen_bilans.nspx

Методолошки појаснувања: http://www.nbrm.mk/platen_bilans.nspx

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://www.nbrm.mk/kalendar_na_objavuvanje_na_podatoci.nspx

Квартален платен биланс: 31 август 2018 (референтен период, заклучно со јуни 2018 година).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 103 (или 110/108).